«УЖ-2».бр.«195»/«2022»

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: Виолета Илиевска - претседател на советот, м-р Емрије Зубери Амити и д-р Субхи Јакупи - членови на советот, со записничар Емран Исмаил - помлад судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С., изјавена преку полномошник Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ од С. против Пресудата на Управниот суд У-6.бр.721/2021 од 05.10.2021 година, по основ концесија, на седницата одржана на ден 09.02.2023 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С. СЕ УВАЖУВА.

Пресудата на Управниот суд У-6.бр.721/2021 од 05.10.2021 година СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно разгледување и одлучување.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С., донесе Пресуда У-6.бр.721/2021 од 05.10.2021 година со која тужбата изјавена против Одлуката на Владата на Република С.М. број 45-7466/1 од 16.12.2019 година ја одбил како неоснована.

Против Пресудата на Управниот суд, тужителот преку својот полномошник во законски предвидениот рок изјави жалба поради сторени суштествени повреди на одредбите на постапката, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право, со предлог Вишиот управен суд по одржување на јавна расправа да донесе пресуда со која жалбата на тужителот се уважува, Пресудата на Управниот суд У-6.бр.721/2021 од 05.10.2021 година се преиначува и се пресудува:

Тужбата на тужителот против Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експолатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот „с. И.“ Општина Б. бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година на Владата на Република С.М. се уважува, Одлуката на Владата на Република С.М. се поништува и се задолжува Владата на Република С.М. Предлог - одлуката од

Министерот за економија за еднostран раскин на Договорот за концесија за експолатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот „с. И.“ Општина Б. да ја одбие како неоснована и притоа се задолжува Владата на Република С.М. да одлучи по Барањето за спојување на концесии бр.24-962/1 од 28.01.2016 година поднесено до Министерството за економија од страна на Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С..

До Управниот суд од страна на Министерството на економија на ден 13.12.2021 година доставен е одговор на жалба во кој е наведено дека пресудата на Управниот суд е законита од причина што правилно била утврдилена фактичката состојба и правилно бил применет материјалниот закон,па предлага жалбата на тужителот да се одбие како неоснована.

Во одговор на одговор на жалба тужителот преку својот полномошник истакна дека Министерството за економија не е пасивно легитимирана страна од една страна, а од друга страна дека погрешно ги толкува одредбите од Законот за минерални суровини и Законот за општата управна постапка.

Вишиот управен суд по проучување на списите од предметот, ценејќи ги наводите во жалбата, во одговорот на одговор на жалба, а не впуштајќи се во наводите во одговор на жалба, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 79 став 1 и став 2 од Законот за управните спорови, најде:

Жалбата на тужителот е основана.

Управниот суд утврдил дека врз основа на Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – руди на бакар и злато бр.41-4681/1 од 16.06.2012 година бил склучен Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот село И. Општина Б. бр.24-4563/1 од 24.07.2012 година помеѓу Владата на Република Македонија и ФЕЛПС ДОЏ ВАРДАР ДООЕЛ С., како правен претходник на тужителот. По извршена промена со деловоден број 301201300000235 од 04.01.2013 година на Централниот регистар на Република Македонија називот на Друштвото за производство, промет и услуги ФЕЛПС ДОЏ ВАРДАР ДООЕЛ С. бил променет во назив Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С.. По донесувањето на Законот за минерални суровини, склучен бил нов Договор за концесија бр.24-4563/1 од 23.09.2014 година, со кој се врши усогласување со одредбите на новодонесениот Закон за минерални суровини, а заради доуредување на одредбите за пренос на концесијата за експлоатација, склучен бил и Анекс кон Договорот бр.24-4170/1 од 22.06.2015 година.

На ден 13.01.2016 година Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С. како концесионер склучил уште еден Договор за концесија бр.24-40/2 со Министерството за економија, за концесија за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот с. И. во Општина Б. и Ново Село, што бил изменет со Анекс бр.24.2729/1 од

17.04.2018 година.

Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С. на ден 28.01.2016 година врз основа на член 61 од Законот за минералните суровини, поднел Барање до Министерството за економија за спојување на двете концесии и тоа за експлатација на минерална суровина –бакар и злато на локалитет с. И. Општина Б. и концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот с. И. Општина Б. и Општина Ново Село поради рационална и економична експлоатација на двете концесии, односно истите биле соседни концесии, а се работело за екплоатација на ист тип минерална суровина – руди на бакар и злато и се наоѓале на истото наоѓалиште на И.. Министерството за економија извршило увид на лице место и на Записник од 08.02.2016 година утврдило дека сите законски услови се исполнети, па постапката за спојување може да продолжи и дека по спојувањето двете концесии ќе претставуваат една целина. На ден 02.02.2018 година Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С. поднело ургенција за решавање на барањето, а на 16.02.2018 година и дополнување на ургенцијата, но се до денот на одлучување одлука од страна на Влада на Република Севеерна Македонија не била донесена.

Управниот суд исто така утврдил дека Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С. на ден 25.07.2016 година до Министерството за економија поднело Барање заведено под бр.24-4490/1 за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина – руди на бакар и злато на локалитетот с. И. во Општина Б.. Министерот за економија постапувајќи по барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот с. И. во Општина Б. донел Решение бр.24-3391/2 од 08.07.2019 година со кое барањето за издавање дозвола го одбил како неосновано.

Владата на Република С.М. по донесување на ова Решение од Министерот за економија бр.24-3391/2 од 08.07.2019 година, донела Одлука број 45-7466/1 од 16.12.2019 година со која: „Со оваа одлука Договорот за концесија на експлоатација на менерална суровина –руди на бакар и злато на локалитетот с.И. Општина Б., број 24-4563/1 од 23.09.2014 година и Анекс на договорот бр.24-4170/1 од 22.06.2015 година, еднострано се раскинуваат од страна на концедентот, бидејќи концесионерот нема поднесено барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини во рок од четири години по склучување на договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини. Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување концесија за експлоатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на Друштво за производство, промет и услуги Фелпс Доџ Вардар ДООЕЛ С. на локалитетот с.И., Општина Б. бр.41-4681/1 од 16.06.2012 година (Службен весник на Република Македонија бр.81/12). Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република С.М.“.

Незадоволен од Одлуката на Влада број 45-7466/1 од 16.12.2019 година Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С. поднел тужба со предлог за изрекување времена мерка до Управниот суд.

Со тужбата тужителот бара судот да донесе одлука со која тужбата на тужителот против Одлуката за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експолатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот „с. И.“ Општина Б. бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година на Владата на Република С.М. се уважува, Одлуката на Владата на Република С.М. се поништува и се задолжува Владата на Република С.М.1 Предлог Одлуката за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експолатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот „с.И.“ Општина Б. доставена од Министерот за економија да ја одбие како неоснована и се задолжува Владата на Република С.М. да одлучи по барањето за спојување на концесии бр.24-962/1 од 28.01.2016 година поднесено до Министерството за економија од страна на Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С.. Истовремено бара судот да го усвои предлогот за спојување на постапките и да ја спои оваа постапка со постапката заведена под У-6 бр.575/2019, која постапка е поврзана со оваа постапка и се однесува на управен спор за донесена одлука по барање за издавање дозвола за експлоатација од страна на Министерот за економија.

Со предлогот за определување времена мерка тужителот бара да се одложи од извршување Одлуката на Владата на Република С.М. бр. 45-7466/1 од 16.12.2019 година за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експолатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот „с. И.“ Општина Б. бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година.

Во одговор на тужба тужениот орган преку преку Државниот правобранител за подрачје С. наведе дека наводите изнесени во тужба се неосновани во целост, односно дека правилно е применет членот 51 став 1 алинеа 7, членот 53, членот 55 став 2 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12...7/19), како и дека предлогот за спојување на постапките кои се водат пред Управниот суд е неоснован, бидејќи не се водат за иста правна работа, ниту се работи за исти странки. Предлага тужбата со предлогот за определување времена мерка, како и предлогот за спојување на постапките да се одбие во целост како неоснована.

Во одговор на одговор на тужба тужителот истакна дека наводите во одговорот на тужба се неосновани, останувајќи при наводите изнесени во тужба и предлогот за диспозитивот на пресудата која првостепениот суд треба да ја донесе.

Управниот суд постапувајќи по тужба на тужителот донел Пресуда У-6 бр.24/2020 од 21.10.2020 година со која тужбата на тужителот за поништување на Одлуката на Влада број 45-7466/1 од 16.12.2019 година ја одбил како неоснована.

Управниот суд дополнително со Решение У-6 бр.24/2020 од 18.11.2020 година барањето на тужителот Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С. за прекин на постапката по предметот У-6 бр.24/2020 го отфрлил.

Вишиот управен суд постапувајќи по жалба на тужителот против Пресудата на Управниот суд У-6 бр.24/2020 од 21.10.2020 година со Решение УЖ-2бр.87/2021 од 08.07.2021 година жалбата на тужителот ја уважи, пресудата ја укина и предметот го врати на повторно разгледување и одлучување на првостепениот суд со укажување на првостепениот суд само во однос на надлежноста за постапување во ваков вид на управен спор.

Управниот суд, во повторна постапка, прифаќајќи надлежност да постапува во ваков спор, без одржување јавна расправа и покрај доставено Барање на тужителот од 27.09.2021 година за одржување јавна расправа, донесе Пресуда У-6.бр.721/2021 од 05.10.2021 година со која тужбата на тужителот Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С., изјавена против Одлуката на Владата на Република С.М. број 45-7466/1 од 16.12.2019 година се одбива како неоснована. Судот смета дека тужениот орган на правилно утврдена фактичка состојба правилно го применил материјалното право и процесното право, па оттаму оспорената Одлука на Владата на Република С.М. број 45-7466/1 од 16.12.2019 година е законита и барањето на тужителот за поништување на одлуката е неосновано.

Според Управниот суд поаѓајќи од членот 18 и членот 51 став 1 точка 7 и членот 54 став 1 точка 1 од Законот за минерални суровини („Службен весник бр.136/2012...7/2019) барањето за издавање дозвола за експлоатација на минерални суровини-руди на бакар и злато на локалитет с. И. Општина Б. Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С. го поднел 25.07.2016 година, односно по истекот на законскиот рок од 4 години од денот на склучувањето на договорот.

Судот во однос на постоење на претходно правно прашање на кое тужителот укажал во постапката, а кое е поврзано со донесувањето на оспорената Одлука на Владата на Република С.М. за едностано раскинување Договорот за концесија за експолатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот „с. И." Општина Б. бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година и кое претходно правно прашање се однесува на сочекување на исходот по поднесеното барање до Министерството за економија за издавање на лиценца, не се произнел во диспозитивот на пресудата. Само во образложението на пресудата судот навел дека барањето за издавање на лиценца е сосема друга независна управна постапка и не може да се примени членот 95 од Законот за општа управна постапка. Ова од причина што според судот не постои никаква причинско последична врска со едностраниот раскин на договорот, а тужителот требало навремено да си го поднесе барањето за издавање на лиценца.

Што се однесувало пак до наводите на тужителот истакнати во тужба дека туженииот орган –Влада на Република С.М. требало најнапред да постапи по барањето на Друштво за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО С. за спојување на двете концесии и да ги спои, повторно судот не одлучил во диспозитивот на пресудата. Повторно за судот ова не претставува претходно прашање, па само во образложението на пресудата навел дека наводите на тужителот биле неосновани. Според судот во членот 61 од Законот за минерални суровини била предвидена можност за спојување на концесии, но од тоа не произлегувала облигаторна обврска за спојување. За судот неодлучувањето по барањето за спојување на концесиите од страна на Владата на Република Македонија, која може, но немора да донесе одлука, не го ослободувало концесионерот од законската обврска да го запази рокот за поднесување барање за издавање на дозвола за екплоатација.

Оваа пресуда Управниот суд ја донел без одржување на јавна расправа, притоа повикувајќи се на членот 30-а став 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и 150/10).

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е незаконита и со истата е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 24 став 1 од од Законот за управните спорови („Службен весник на Република С.М.“ бр.96/19) управен спор се поведува со тужба.

Согласно став 2 од истиот член тужбата може да се поднесе: - доколку управниот акт е донесен од ненадлежен орган; - поради погрешна примена на материјалното право; - кога во постапката која му претходела на актот не се постапило според правилата на постапката; - поради недонесување на управен акт во управна постапка во законскиот рок од страна на јавниот орган; - поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба во постапката која му претходела на актот; - поради причини заради кои управниот акт може да се прогласи за ништовен или - поради повреда на постапката за склучување на управниот договор.

Согласно член 91 став 1 од истиот закон, постапките пред Управниот суд и Вишиот управен суд започнати до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, според Законот за управните спорови (Службен весник на Република Македонија, бр. 62/06 и 150/10) продолжуваат според законот по кој започнале.

Согласно став 2 од овој член, против пресуда донесена во управен спор до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, може да се изјави жалба согласно овој закон.

Согласно член 92 од истиот закон, со денот на отпочнувањето на примената на овој закон, престанува да важи Законот за управните спорови

(Службен весник на Република Македонија, бр. 62/06 и 150/10).

Согласно член 93 од истиот закон, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува една година од денот на влегувањето во сила.

Согласно член 9 став 1 и став 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република С.М.“ бр.96/19) согласно со начелото на усна расправа, судот по правило, ќе донесе одлука во управен спор врз основа на јавна, непосредна и усна расправа. Судот може да одлучи во управен спор без одржување на расправа само во случаите утврдени со овој закон.

Согласно член 38 од истиот закон, Судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон одлучува по управниот спор без да одржи расправа само: 1) во случај кога решението на тужениот орган е донесено во согласност со веќе изразено правно сфаќање на судот (модел одлука) согласно одредбите на член 49 од овој закон; 2) доколку тужителот ја оспорува примената на материјалното право, а не утврдената фактичка состојба; 3) кога судот одлучува со решение, освен во случаите за времена мерка, 4) ако најде дека оспорениот управен акт содржи такви суштествени недостатоци што ја спречуваат оцената на законитоста на актот, поради што ќе го поништи таквиот акт.

Согласно член 35 став 1 од истиот закон, Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 70 од истиот закон, пресудата може да се побива со жалба:- поради суштествена повреда на одредбите на постапката;- поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба и - поради погрешна примена на материјалното право. Суштествена повреда на одредбите на постапката постои кога Управниот суд во текот на постапката не применил или неправилно применил некоја одредба од овој закон или на друг закон што ја регулира постапката, а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна пресуда. Погрешно утврдена фактичка состојба постои кога судот некој решителен факт погрешно го утврдил, односно кога не го утврдил. Нецелосно утврдена фактичка состојба постои кога на тоа укажуваат фактите или доказите кои странката без успех ги предложила во текот на постапката. Погрешна примена на материјалното право постои кога судот не ја применил одредбата на материјалното право што требало да ја примени или кога таквата одредба не ја применил правилно.

Согласно член 79 став 1 и став 2 од истиот закон, Второстепениот суд, ја испитува првостепената пресуда само во оној дел кој е оспорен со жалбата, во границите на причините наведени во жалбата. Второстепениот суд, внимава по службена должност за причините за ништовност на поединечниот управен акт. (2) Второстепениот суд, донесува одлуки по жалби на седница на совет без одржување на расправа.

Согласно став 3 од истиот член, по исклучок од ставот (2) на овој член, кога на седница на советот ќе се утврди дека пресудата против која е изјавена жалба се заснова на суштествена повреда на одредбите од постапката, која може да се отстрани, или на погрешно и нецелосно утврдената фактичка состојба, а пресудата претходно еднаш била укината, второстепениот суд ќе закаже расправа и мериторно ќе одлучи.

Согласно член 50 став 1 и став 2 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/2012...7/19) (1) Концесијата за експлоатација на минерални суровини престанува да важи во случај на: - истекот на рокот за периодот на кој била доделена концесијата; - еднострaн раскин на договорот за концесија од страна на концедентот; - еднострaн раскин на договорот за концесија од страна на концесионерот и - со отворање на стечајна постапка над концесионерот или ликвидација на концесионерот. (2) Во случаите на престанок на важење на концесијата од ставот (1) на овој член престануваат да важат сите дозволи, решенија и одобренија непосредно сврзани со концесијата за експлоатација.

Согласно член 51 став 1 алинеа 7 од истиот закон, Владата еднострано ќе го раскине договорот за концесија за експлоатација во случај кога: - концесионерот не поднесе барање за издавање на дозвола за експлоатација во рокот од членот 54 став (1) од овој закон.

Согласно став 2 од истиот член, Владата на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, донесува одлука за еднострaн раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини.

Согласно став 3 од истиот член, Одлуката за еднострaн раскин на договорот за концесија се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Согласно став 5 од истиот член, против одлуката од ставот (2) на овој член незадоволната странка може да поведе управен спор.

Согласно член 53 од Законот за минерални суровини (1) Со експлоатација на минерални суровини и изведување на рударски работи може да се започне откако концесионерот ќе добие дозвола за експлоатација на минерални суровини. (2) Дозволата од ставот (1) на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини. (3) Дозволата за експлоатација се издава со рок на важење кој не може да биде подолг од рокот на важење на концесијата за експлоатација. (4) Дозвола за експлоатација се издава за истиот вид на минерални суровини за кои

и е доделена концесијата за експлоатација.

Согласно член 54 став 1 алинеа 1 од истиот закон, по склучување на договорот за концесија за експлоатација, концесионерот е должен да поднесе барање за издавање на дозвола за експлоатација во рок од: - четири години за енергетски и метални минерални суровини.

Согласно член 61 од истиот закон, (1) Во функција на рационално и економично истражување или експлоатација на минерални суровини, може да се врши спојување или припојување на две соседни концесии во случај кога концесиите се простираат на исто наоѓалиште за ист тип на минерална суровина. (2) На концесионерот му се дава можност да ги спои концесиите за експлоатација доколку се работи за ист сопственик и ист вид на минерална суровина. (3) Периодот на траење на концесијата ќе се зема од најкраткиот рок од двете концесии. (4) Одлука за спојување или припојување на концесии донесува Владата. (5) Барање за спојување или припојување на концесии поднесуваат концесионерите. (6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена врши увид на локалитетот за кој е поднесено барање за спојување или припојување на концесии, за што се составува записник. (7) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето за спојување или припојување на концесии до Владата доставува образложен предлог за спојување или припојување на концесии. (8) По разгледување на образложениот предлог од ставот (4) на овој член Владата донесува одлука за спојување или припојување на концесии.

Согласно член 95 став 1 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија бр.124/15 и 65/18) ако јавниот орган што ја води постапката наиде на прашање чие решавање е предуслов за да се одлучи за самата работа, а истото претставува независно правно прашање за чие решавање е надлежен суд или некој друг јавен орган (во натамошниот текст: претходно прашање), јавниот орган што ја води управната постапка ја прекинува постапката додека не се реши претходното прашање и за тоа ја известува странката.

Согласно став 2 од истиот член, кога постапката по претходното прашање треба да се поведе на барање од странката, известувањето за прекинот на постапката исто така содржи и упатство за ова барање.

Согласно став 3 од истиот член, кога постапката по претходното прашање се поведува по службена должност од страна на друг јавен орган, јавниот орган што ја води постапката ќе бара решавање на претходното прашање од страна на другиот јавен орган.

Вишиот управен суд најде дека Управниот суд при донесување на својата пресуда сторил суштествени повреди на одредбите на постапката, нецелосно ја

утврдил фактичката состојба и погрешно го применил материјалниот закон.

Вишиот управен суд најде дека во конкретниов случај управниот спор е поведен поради: - погрешна примена на материјалното право; во постапката која му претходела на актот не се постапило според правилата на постапката; - поради недонесување на управен акт во управна постапка од страна на јавниот орган; - поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба во постапката која му претходела на актот.

Ваквите причини за поведување управен спор се предвидени како законски основ за поднесување тужба во членот 24 став 2 алинеја 2, алинеја 3, алинеја 4 и алинеја 5 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19), кој закон овој суд смета дека во повторната постапка треба да го примени првостепениот суд.

Според овој суд првостепениот суд во повторната постапка, при донесување на обжалената пресуда, погрешно го применувал Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06 и 150/10). Ова од причина што Законот за управните спорови („Службен весник на Република С.М.“ 96/19) е објавен на ден 17.05.2019 година, стапи во сила сила 24.05.2019 година, а отпочна со примена на ден 24.05.2020 година. Секако тука треба да се земе во предвид и членот 92 од овој закон каде е предвидено дека „со денот на отпочнувањето на примената на овој закон, престанува да важи Законот за управните спорови“ (Службен весник на Република Македонија бр. 62/06 и 150/10), а притоа првостепениот суд одлучувал во нова постапка по укинувањето во време кога се применува новиот Закон за управни спорови.

Имајќи го во предвид горе наведеното, овој суд најде дека Управниот суд сторил суштествена повреда на постапката, односно судот на денот на одлучувањето 05.10.2021 година не одржал јавна расправа која бил должен да ја одржи согласно 9 став 1 и став 2 и членот 38 од важечкиот Закон за управните спорови, а притоа во ситуација кога барање за одржување на јавна расправа било поднесено и од страна на тужителот. Оттаму повикувањето на првостепениот суд на членот 30-а став 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06 и 150/10) за неодржување јавна расправа е неприфатлив. Дотолку повеќе што судот во самиот член на кој се повикува јасно е наведено дека судот ќе одржи јавна усна расправа и со пресуда ќе одлучи за самата управна работа, ако: - сложеноста на предметот во управниот спор тоа го налага, - тоа е неопходно заради подобро разјаснување на управната работа или утврдување на фактичката состојба, - судот изведува докази и - во случаите утврдени во членовите 22 и 36 став 3 и 40 од овој закон, а судот во конкретниов случај изведувал докази.

Имено, судот без одржување расправа изведувал факти кои се однесуваат на вистинитоста на содржината на ставот 1 од оспорената Одлука на Владата на Република С.М. бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година кој гласи „Со оваа

одлука Договорот за концесија на експлоатација  на менерална суровина –руди на бакар и злато на локалитетот с.И. Општина Б., број 24-4563/1 од 23.09.2014 година и Анекс на договорот бр.24-4170/1 од 22.06.2015 година, еднострано се раскинуваат од страна на концедентот, бидејќи концесионерот нема поднесено барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини во рок од четири години по склучување на договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини“ Првостепениот суд утврдувал кога концесионерот го поднел барањето за издавање дозвола, односно утврдувал дали барањето било ненавремено и кога било поднесено иако за оваа правна работа веќе е донесено Решение бр.24-3391/2 од 08.07.2019 во друга постапка од страна на надлежниот орган- Министерот за економија и тоа решение дури по правосилноста правно обврзува.

Со ваквото постапување и изведување докази без одлржување јавна расправа првостепениот суд сторил суштествена повреда на постапката,

Исто така Управниот суд при донесувањето на пресудата, применувајќи го стариот Закон за управни спорови, што е неспорно, не го применил и членот 35 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.96/19) каде е предвидено дека Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата. Во овој случај првостепениот суд не одлучил по барањето на тужителот како е прецизирано во тужба, а дотолку повеќе што и по жалба тужителот останува при барање судот да одлучи како по тужба.

Од ова произлегува дека во диспозитивот на пресудата судот одлучил само делумно по барањето на тужителот, односно Управниот суд одлучил само во дел од барањето и тоа само за поништување на Одлуката на Владата на Република С.М.за  едностран раскин на Договорот за концесија за експолатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот „с. И.“ Општина Б. бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година, без да одлучи за сите барања прецизирани во петитумот на тужбата, а што ја прави првостепената одлука незаконита.

Вишиот управен суд исто така најде дека Управниот суд, иако утврдувал докази, воопшто не се произнел во однос на фактот дали е донесена Предлог-одлука од Министерството за економија за раскинување на договорот, а секако е од значење за донесување правилна одлука од страна на првостепениот суд. Ова за судот е битно бидејќи од тоа ќе се утврди дали Владата на Република Северна Македонија ја донела Одлуката бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година согласно членот 51 став став 2 од Законот за минерални суровини каде е предвидено дека „Владата на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, донесува одлука за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини“.

Од списите по предметот не може да се утврди дека ваков предлог постои, а кој предлог е задолжителен и треба да претходи на донесување на

Одлуката на Владата на Република С.М. бр. 45-7466/1 од 16.12.2019 година, а од утврдувањето на овој факт зависи дали е правилно применет материјалниот закон – Законот за минерални суровини, а оттаму и дали донесената одлука е законита, притоа имајќи во предвид дека тужителот во тужбата бара судот да донесе одлука, односно да ја одбие Предлог одлуката на Министерот економија за едностран раскин на Договорот за концесија како неоснована.

Што се однесува пак на постоење на претходно прашање на кое укажува тужителот како во однос на барањето за спојување на концесиите пред Владата на Република С.М., така и во однос на постапката која се водела пред Министерството за економија за барање за дозвола за експлоатација овој суд најде дека толкувањето од страна на првостепениот суд е неправилно.

Вишиот управен суд смета дека претходното прашање во овој случај треба да се толкува на начин што треба да се земе во предвид дали одлуката на Владата на Република Македонија по барањето за спојување на постапките за концесии, (доколку била донесена) ќе влијаела врз донесување на одлуката на барањето на Министерот за економија за давање дозвола, односно дали одлуката на Министерот ќе влијаела и врз донесување на одлуката на Владата на Република С.М. за еднострана раскин на договорот.

Иако барањето за спојување на постапката по двете концесии, поднесено до Министерство за економија, може се третира и како претходно процесно прашање овој суд смета дека решавањето на ова прашање и донесување Одлука од страна на Владата по барањето за спојување е облигаторна обврска. Ова произлегува од Законот за минерални суровини, поточно од членот 61 став 8, во врска со став 7 од Законот.

Имено, во членот 61 ставот 7 е предвидено дека органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето за спојување или припојување на концесии до Владата доставува образложен предлог за спојување или припојување на концесии. По разгледување на образложениот предлог од ставот (4) на овој член Владата донесува одлука за спојување или припојување на концесии, па и во овој случај треба да се утврди дали Министерот веќе доставил ваков предлог за спојување.

Имајќи го во предвид горе наведеното овој суд не се согласува со мислењето на Управниот суд дека Владата на Република С.М. може, ама не мора да донесе одлука за спојување. Напротив, иако не е предвиден законски рок за одлучување Владата е должна да одлучи по барањето на законит начин. Нејзината одлука има последици при донесување на одлуката на Министерот за економија по барањето за дозвола за експлатација.

Во овој случај, првостепениот суд не утврдил дали во списите по предметот таков Предлог –одлука за спојување Министерството за економија